# Службен весник на Република Македонија

Број 69 — 7 јуни 2017, среда — година LXXIII

www.slvesnik.com.mk — contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1300. | **Оглас** за избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија што го избира Собранието на Република Македонија ........ | 2 |
| 1301. | **Указ** бр. 34 од Претседател на Република Македонија ........ | 2 |
| 1302. | **Одлука** од Претседателот на Република Македонија ........ | 2 |
| 1303. | **Одлука** за именување на член на Комисијата за помилување на Претседателот на Република Македонија ........ | 2 |
| 1304. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Охрид ........ | 3 |
| 1305. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Гостивар........ | 3 |
| 1306. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Скопје 2 Скопје.... | 3 |
| 1307. | **Упатство** за дополнување на Упатството за начинот на непосредно известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти ........ | 4 |
| 1308. | **Упатство** за спроведување на Одлуката за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек и начинот на вршење супервизија........ | 4 |
| | **Огласен дел**........ | **1-144** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1300.**

Врз основа на членот 14 став (1) алинеја 3, а во врска со членот 6 алинеја 5, членовите 15 и 32 став (1) од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11), претседателот на Собранието на Република Македонија на 6 јуни 2017 година, распиша

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ШТО ГО ИЗБИРА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Собранието на Република Македонија ќе врши избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.
2. Заинтересираните кандидати, универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на Република Македонија“ треба до Собранието на Република Македонија да поднесат пријава, лична биографија и документи, во оригинал или копија заверена на нотар, со кои ќе докажат дека се универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници.
3. Овој оглас ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весниците „Дневник“, „Слободен печат“ и „Koha“.

Број 08 - 1474/1
6 јуни 2017 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,**с.р.

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1301.**

**Указ бр. 34**
5 јуни 2017 година

Врз основа на член 84 алинеја 8 од Уставот на Република Македонија и член 18 став 1 од Законот за одликувања и признанија на Република Македонија

**СЕ ОДЛИКУВААТ**

членовите на Ракометниот клуб „ВАРДАР“
- ракометарите:

СТОЈАНЧЕ СТОИЛОВ, АРПАД ШТЕРБИК, ВЛАДО НЕДАНОВСКИ, СТРАХИЊА МИЛИЌ, РОЖИЕРО МОРАЕС ФЕРЕРО, ХОРХЕ МАКЕДА, АЛЕКСАНДР ДЕРЕВЕЊ, ИГОР КАРАЧИЌ, АЛЕКС ДУШЕБАЕВ, ИЛИЈА АБУТОВИЌ, ЈОАН КЕЊЕЛАС, ЛУКА ЦИНДРИЌ, ПЕТРЕ АНГЕЛОВ, ИВАН ЧУПИЌ, ТИМУР ДИБИРОВ, ДАНИИЛ ШИШКАРЕВ, ЈАЊА ВОЈВОДИЌ, МИЈАЛЛО МАРСЕНИЌ, ВУКО БОРОЗАН и

- стручниот тим:

РАУЛ ГОНЗАЛЕЗ ГУТИЕРЕЗ, ДАВИД ДАВИС КАМАРА, МАРКО САВОВСКИ, ДИМИТАР МАНЕВСКИ, ВИКТОР СТОЈАНОВ, БИЛЈАНА ЦРВЕНКОСКА, ГОРАН БОЦЕВСКИ, ДАНИЈЕЛ ЈУРИШИЌ, ЕДУАРД КОКШАРОВ, ГОРАН СИМИЌ, РАТКО КАПУШЕВСКИ, ГОРДАНА НАЦЕВА, ДАВОР СТОЈАНОСКИ, СЕРГЕЈ САМСОНЕНКО

со МЕДАЛ ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА

за постигнатите врвни резултати во ракометот на домашен и на меѓународен план, а особено за спортскиот подвиг, освојувањето на титулата европски клупски шампион што е од исклучително значење за Република Македонија и за нејзина афирмација во светот.

Бр. 08-587/1
5 јуни 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**1302.**

Врз основа на член 84 алинеја 8 од Уставот на Република Македонија и член 18 став 1 од Законот за одликувања и признанија на Република Македонија ја донесувам следната

**О Д Л У К А**

I

**на РАКОМЕТНИОТ КЛУБ „ВАРДАР“**

му се доделува признанието

ПОВЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

за постигнатите исклучителни резултати во ракометот на домашен и на меѓународен план, а особено, освојувањето на титулата европски клупски шампион со што се дава значаен придонес за развој и за популаризација на овој спорт во земјата и за афирмација на Република Македонија во светот.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-588/1
5 јуни 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**1303.**

Врз основа на член 11, став 1 и 2 и член 12 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2000, бр. 9/2001, бр. 41/2010 и бр. 142/2013) донесувам

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

За член на Комисијата за помилување на Претседателот на Република Македонија се именува:

- Данче Ристова.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-591/1
6 јуни 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1304.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.107/2005), член 42, 43 и 48 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 19 и член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), член 31 став 1 алинеја 4, член 46 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015 и 61/2015) и член 26 став 3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.197/2015), Судскиот совет на Република Македонија на 255-та седница одржана на ден 31.5.2017 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД ОХРИД**

За судии поротници на Основен суд Охрид се избрани:

1. Александра Шибакоска
2. Мише Ѓероски
3. Демир Далип
4. Снежана Трајаноска
5. Владо Шапкароски
6. Јован Чорбевски
7. Ангела Јордеска
8. Олгица Дејкоска
9. Јасна Филипоска
10. Тања Милеска
11. Игор Лазарески
12. Филомена Наумовска
13. Диана Оцева Чинговска
14. Христијан Попоски и
15. Миленко Ламбески.

Оваа одлука влегува во сила 1.6.2017 година.

Бр. 02-788/2
5 јуни 2017 година
Скопје

Судски совет на
Република Македонија,
Претседател,
**Зоран Караџовски,** с.р.

**1305.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.107/2005), член 42, 43 и 48 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 19 и член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), член 31 став 1 алинеја 4, член 46 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015 и 61/2015) и член 26 став 3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.197/2015), Судскиот совет на Република Македонија на 255-та седница одржана на ден 31.5.2017 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР**

За судии поротници на Основен суд Гостивар се избрани:

1. Лилјана Соломоноска и
2. Карафил Попоски.

Оваа одлука влегува во сила 1.6.2017 година.

Бр. 02-789-2
5 јуни 2017 година
Скопје

Судски совет на
Република Македонија,
Претседател,
**Зоран Караџовски,** с.р.

---

**1306.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.107/2005), член 42, 43 и 48 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 19 и член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), член 31 став 1 алинеја 4, член 46 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015 и 61/2015) и член 26 став 3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.197/2015), Судскиот совет на Република Македонија на 255-та седница одржана на ден 31.5.2017 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен суд Скопје 2 Скопје се избрани:

1. Цветанка Стојковска
2. Нада Стојилковиќ и
3. Маја Караџоска.

Оваа одлука влегува во сила 1.6.2017 година.

Бр. 02-790/1
5 јуни 2017 година
Скопје

Судски совет на
Република Македонија,
Претседател,
**Зоран Караџовски,** с.р.

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1307.**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 9 од Одлуката за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/14), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА НЕПОСРЕДНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕНИТЕ НА СМЕТКИТЕ НА РЕЗИДЕНТИТЕ ВО СТРАНСТВО И НА ЕВИДЕНЦИСКИТЕ СМЕТКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ СО НЕРЕЗИДЕНТИ

1. Во Упатството за начинот на непосредно известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/14), во точка 5, по ставот 2 се додава нов став кој гласи: „По исклучок, доколку известувачот има технички ограничувања, известувањето може да се врши со доставување на образецот МИ во хартиена форма.“

2. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

У бр. 17641/2
29 мај 2017 година
Скопје

Гувернер,
**Димитар Богов**, с.р.

---

**1308.**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 31 од Одлуката за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек и начинот на вршење супервизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/17), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОВЕРКА НА АВТЕНТИЧНОСТА И СООДВЕТНОСТА, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРАЌАЊЕ НА КНИЖНИТЕ И КОВАНИТЕ ПАРИ ВО ОПТЕК И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ СУПЕРВИЗИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишуваат видот, начинот и роковите за доставување на податоците од страна на банките и друштвата за снабдување со готовина (во натамошниот текст: центри за готовина) при спроведување на Одлуката за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек и начинот на вршење супервизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/17).

Податоците се однесуваат на видот и бројот на машини за обработка на парите, локацијата на секоја машина за обработка на парите, како и бројноста и вредноста на парите обработени преку машините за обработка на парите и бројноста и вредноста на парите обработени рачно.

Истовремено, со ова упатство се определуваат и формата и содржината на обрасците - барањата коишто се доставуваат до Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) за тестирање на машините за обработка на парите и барањата за обуки на работниците за оспособување за вршење проверка на парите и утврдување на нивната автентичност и соодветност за оптек.

2. Обрасците за доставување на податоци се состојат од групи податоци коишто банките и центрите за готовина треба соодветно да ги пополнат.

### II. ВИДОВИ ПОДАТОЦИ, НАЧИН И РОКОВИ ЗА НИВНО ДОСТАВУВАЊЕ

**Прибирање податоци**

3. Податоците коишто банките и центрите за готовина се должни да ги доставуваат до Народната банка се дадени во прилогот 1, прилогот 2, прилогот 3 и прилогот 4, коишто се составен дел на ова упатство.

4. Во зависност од природата, доставените податоци се поделени на главни - основни податоци и на оперативни податоци.

Главните податоци даваат информации за банките и за центрите за готовина коишто вршат обработка на пари.

Оперативните податоци даваат информации за обработените пари и за враќањето на парите во оптек.

Оперативните податоци се доставуваат според бројот на парчиња (бројност), збирно, по квартали и според апоенската структура.

Податоците се доставуваат до Народната банка квартално до 15-тиот ден по истекот на кварталот на кој се однесуваат.

**Доставување барања до Народната банка**

5. Податоците коишто се однесуваат на работењето на машината за обработка на парите, коишто банката, центарот за готовина, производителот, снабдувачот или овластениот застапник ги поднесуваат до Народната банка, се дадени во образецот во прилогот 5 - Барање за проверка на работењето на машината за обработка на пари.

6. Барањето за оспособување на работниците за вршење проверка на парите за утврдување на нивната автентичност и соодветност за оптек, се доставува на образецот даден во прилогот 6 - Барање за обука на работниците за вршење обработка на пари.

### III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

7. Со влегувањето во сила на ова упатство, Упатството за видот и начинот на доставување на податоци и нивно користење при спроведување на Одлуката за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек („Службен весник на Република Македонија“, бр. 118/15 и 6/17) престанува да важи.

8. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

У бр. 18727
30 мај 2017 година
Скопје

Гувернер,
**Димитар Богов**, с.р.

**Прилог 1**

**ПОДАТОЦИ ЗА ОСТВАРЕНИОТ ПРОМЕТ НА ПАРИ**

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА

| | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

## 2. ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ДОСТАВУВААТ ПОДАТОЦИТЕ

| |
|---|
| |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОМЕТОТ НА ПАРИ

*Книжни пари*

| **Апоен** | **Благајни** | | **Машини за исплата и уплата на книжните пари** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно исплатено** | **Вкупно уплатено** | **Вкупно исплатено** | **Вкупно уплатено** |
| 10 денари | | | | |
| 50 денари | | | | |
| 100 денари | | | | |
| 200 денари | | | | |
| 500 денари | | | | |
| 1000 денари | | | | |
| 2000 денари | | | | |
| **Вкупно:** | | | | |

*Ковани пари*

| **Апоен** | **Вкупно исплатено** | **Вкупно уплатено** |
|---|---|---|
| 1 денар | | |
| 2 денари | | |
| 5 денари | | |
| 10 денари | | |
| 50 денари | | |
| **Вкупно:** | | |

Забелешка: Во табелите се внесува вкупниот број парчиња на книжните и кованите пари на ниво на банка.

________________________ М.П. ______________________

(*место и датум*) (*име и презиме*)

______________________

(*потпис на одговорното лице*)

**Прилог 2**

## ПОДАТОЦИ ЗА ОБРАБОТЕНИТЕ ПАРИ

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА/ЦЕНТАРОТ ЗА ГОТОВИНА

| | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

### 2. ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ДОСТАВУВААТ ПОДАТОЦИТЕ:

| |
|---|
| |

### 3. ПОДАТОЦИ ЗА ОБРАБОТЕНИТЕ ПАРИ

*Книжни пари обработени на машина:*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| 100 денари | | | |
| 200 денари | | | |
| 500 денари | | | |
| 1000 денари | | | |
| 2000 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

*Книжни пари обработени рачно:*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| 100 денари | | | |
| 200 денари | | | |
| 500 денари | | | |
| 1000 денари | | | |
| 2000 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

*Ковани пари обработени на машина:*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 1 денар | | | |
| 2 денари | | | |
| 5 денари | | | |
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

*Ковани пари обработени рачно:*

| **Апоен** | **Вкупно обработени** | **Соодветни за оптек** | **Несоодветни за оптек** |
|---|---|---|---|
| 1 денар | | | |
| 2 денари | | | |
| 5 денари | | | |
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

________________________ (*место и датум*) М.П. ________________________ *(име и презиме)*

____________________________

(*потпис на одговорното лице*)

**Прилог 3**

## ПОДАТОЦИ ЗА МАШИНИТЕ КОИШТО ГИ ПОСЕДУВА БАНКАТА/ЦЕНТАРОТ ЗА ГОТОВИНА

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА/ЦЕНТАРОТ ЗА ГОТОВИНА

| | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

### 2. МАШИНИ СО КОИ РАКУВААТ КЛИЕНТИТЕ НА БАНКАТА

| Тип | Производител | Име на машината | Ознака на хардверот и софтверот | Сериски број | Место и адреса на која се наоѓаат машините |
|---|---|---|---|---|---|
| CIM | | | | | |
| CRM | | | | | |
| CCM | | | | | |
| COM | | | | | |
| TARM([1]) | | | | | |
| TAM ([1]) | | | | | |

([1]) Кога ја користат клиентите на банката.

### 3. МАШИНИ СО КОИ РАКУВААТ ОБУЧЕНИ РАБОТНИЦИ

| Тип | Производител | Име на машината | Ознака на хардверот и софтверот | Сериски број | Место и адреса на која се наоѓаат машините |
|---|---|---|---|---|---|
| BPM | | | | | |
| BAM | | | | | |
| TARM | | | | | |
| TAM | | | | | |

### 4. МАШИНИ ЗА ОБРАБОТКА НА КОВАНИ ПАРИ

| Тип | Производител | Име на машината | Ознака на хардверот и софтверот | Сериски број | Место и адреса на која се наоѓаат машините |
|---|---|---|---|---|---|
| CPM | | | | | |

### 5. МАШИНИ ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ КНИЖНИ ПАРИ (банкомати)

| Тип | Производител | Име на машината | Ознака на хардверот и софтверот | Сериски број | Место и адреса на која се наоѓаат машините |
|---|---|---|---|---|---|
| ATM | | | | | |

Забелешка: Ако банката/центарот за готовина поседува повеќе машини или уреди од ист вид, се внесуваат посебно, една под друга.

______________________ М.П. ______________________

(*место и датум*) (*име и презиме*)

______________________

(*потпис на одговорното лице*)

**Прилог 4**

## ПОДАТОЦИ ЗА ОБРАБОТЕНИТЕ ПАРИ

### 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

**Податоци за банката/центарот за готовина кој врши обработка на парите**

| | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Матичен број: | |
| Адреса: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

**Податоци за корисникот на услугата**

| | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Адреса: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

### 2. ОПЕРАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОБРАБОТЕНИТЕ ПАРИ

| | |
|---|---|
| Период за кој се доставува извештајот: | |

Забелешка: Во следните табели, потребно е да го внесете бројот на обработени книжни и ковани пари.

#### 1) Податоци за машинска обработка на парите

*Книжни пари*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| 100 денари | | | |
| 200 денари | | | |
| 500 денари | | | |
| 1000 денари | | | |
| 2000 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

*Ковани пари*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 1 денар | | | |
| 2 денари | | | |
| 5 денари | | | |
| 10 денари | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 50 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

## 2) Податоци за рачна обработка на парите

*Книжни пари*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| 100 денари | | | |
| 200 денари | | | |
| 500 денари | | | |
| 1000 денари | | | |
| 2000 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

*Ковани пари*

| Апоен | Вкупно обработени | Соодветни за оптек | Несоодветни за оптек |
|---|---|---|---|
| 1 денар | | | |
| 2 денари | | | |
| 5 денари | | | |
| 10 денари | | | |
| 50 денари | | | |
| **Вкупно:** | | | |

## 3) Податоци за прометот на пари

*Книжни пари*

| Апоен | Примени од корисникот на услугата | Предадени на корисникот на услугата |
|---|---|---|
| 10 денари | | |
| 50 денари | | |
| 100 денари | | |
| 200 денари | | |
| 500 денари | | |
| 1000 денари | | |
| 2000 денари | | |
| **Вкупно:** | | |

*Ковани пари*

| Апоен | Примени од корисникот на услугата | Предадени на корисникот на услугата |
|---|---|---|
| 1 денар | | |
| 2 денари | | |
| 5 денари | | |
| 10 денари | | |

| | | |
|---|---|---|
| 50 денари | | |
| **Вкупно:** | | |

______________________ (*место и датум*) М.П.

______________________ *(име и презиме)*

______________________ (*потпис на одговорното лице*)

**Прилог 5**

## БАРАЊЕ ЗА ПРОВЕРКА НА РАБОТЕЊЕТО НА МАШИНАТА ЗА ОБРАБОТКА НА ПАРИТЕ

| **ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО** | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Матичен број: | |
| Адреса: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

| **ПОДАТОЦИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ НА МАШИНАТА** | |
|---|---|
| Производител: | |
| Адреса: | |
| Електронска адреса: | |
| Телефонски број: | |

| **ПОДАТОЦИ ЗА МАШИНАТА** | |
|---|---|
| Име - Тип: | |
| Модел: | |
| Верзија: | |
| Верзија на софтверот: | |
| Фабрички број: | |
| Машината обработува: | а) книжни пари издадени од НБРМ<br>б) ковани пари издадени од НБРМ |
| Кои апоени на книжни пари ги обработува машината? | а) 10 ден. б) 50 ден. в) 100 ден.<br>г) 200 ден. д) 500 ден. ѓ) 1000 ден.<br>е) 2000 ден. |
| Кои апоени на ковани пари ги обработува машината? | а) 1 ден. б) 2 ден. в) 5 ден. г) 10 ден. д) 50 ден. |
| Машината обработува пари и ги сортира по следниве категории:<br>1) соодветни пари за оптек<br>2) несоодветни пари за оптек<br>3) одбиени пари (не се препознаени како денари, постои сомнеж дека се фалсификувани и денари за кои не може со сигурност да се утврди дека се автентични). | а) да б) не |
| Ако одговорот од претходното прашање е негативен, опишете како машината ги сортира парите во текот на обработката. | |
| Дали информациите за апоените коишто ги обработува машината се видливи на соодветната машина? | а) да б) не |
| Број на ориентации на парите при обработката. | а) 1 б) 2 в) 3 г) 4 |

| | |
|---|---|
| Кои заштитни елементи на книжните пари ги проверува машината? | а) УВ б) ИР в) магнетизам<br>г)_______________________________ |
| Кој е овластен за поставување на параметрите за автентичност и физичките карактеристики на книжните пари кај машината? | а) оператор<br>б) лице овластено за одржување<br>в) производителот на машината<br>г)_________________________________ |
| Дали постои можност машината дополнително да се приспособи за воведување нови апоени на пари? | а) да б) не |
| Дали постои можност машината дополнително да се приспособи за откривање новоевидентирани фалсификувани пари? | а) да б) не |

_______________________ (*место и датум*) М.П. _______________________ *(име и презиме)*

_______________________ (*потпис на одговорното лице*)

**Прилог 6**

## БАРАЊЕ ЗА ОБУКА НА РАБОТНИЦИ ЗА ВРШЕЊЕ ОБРАБОТКА НА ПАРИТЕ

| **ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:** | |
|---|---|
| Назив и седиште: | |
| Организациска единица: | |
| Матичен број: | |
| Адреса: | |
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Електронска адреса: | |

| **Податоци за работникот:** | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Име и презиме** | **Работно место** | **Број на лична карта** |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

____________________ (*место и датум*)

М.П.

____________________ *(име и презиме)*

____________________ (*потпис на одговорното лице*)

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2017069